С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес
Излегува по потреба

Број 15 година XLIII

04 септември 2007

143.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за првиот и вториот квартал 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за првиот и вториот квартал 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08.2007 година.

Број 0801-3675/1
04.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за првиот и вториот квартал 2007 година

1. Советот на Општина Велес го усвои Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Велес за првиот и вториот квартал за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3645/3
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

144.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за формирање на Центар за развој на Вардарски плански регион

Се објавува Одлуката за формирање на Центрар за развој на Вардарски плански регион, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.08.2007 година.

Број 0801-3675/2
04.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 16 и член 61 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/02), член 24 од Законот за рамномерен регионален развој („Сл. весник на РМ" бр.63/07) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес"бр. 12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.08.2007 година, донесе

О Д Л У К А
за основање Центар за развој
на Вардарски плански регион

Член 1

Со оваа Одлука се основа Центар за развој на Вардарскиот плански регион, за задоволување на потребите од планирање на развојот и реализирање на политиката за поттикнување на рамномерен регионален развој.

Член 2

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, го основаат единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на овој плански регион, врз основа на Одлуки донесени со мнозинство гласови од вкупниот број членови на секој од Советите на општините:

1.Општина Велес
2.Општина Кавадарци
3.Општина Неготино
4.Општина Демир Капија
5.Општина Чашка
6.Општина Градско
7.Општина Росоман

Врз основа на одлуките од ставот 1 на овој член, наведените општини ќе склучат договор во кој се утврдуваат: општините кои го основаат Центарот за развој на Вардарскиот плански регион; седиштето; видот, обемот и начинот на извршување на активностите; користењето на објектот и опремата; финансирањето; начинот на укинувањето и контролата на работењето на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

Договорот се објавува во "Службен весник на Република Македонија".

Член 3

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион има својство на правно лице.

Седиштето на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион е во Велес, во просториите на Општина Велес, на улица "Панко Брашнар" број 1, како единица на локалната самоуправа со најголем број жители во планскиот регион.

Член 4

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион има раководител и други на вработени, кои се избираат по пат на јавен конкурс.

Раководителот на центарот го избира Советот за развој на Вардарскиот плански регион за период од четири години.

Член 5

Тековното работење на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион се финансира од буџетите на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на планскиот регион.

Член 6

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион ги врши следниве работи:

- врши стручни работи од значење за развојот на Вардарскиот плански регион;
- ја изготвува Предлог-програмата за развој на Вардарскиот плански регион;
- изготвува Предлог-акционен план за имплементација на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион;
- подготвува предлог-проекти за развој на Вардарскиот плански регион и за подрачјата со специфични развојни потреби;
- ги координира активностите поврзани со имплементацијата на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион и ги реализира проектите за развој на планскиот регион;
- подготвува Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион;
- обезбедува информации до заинтересираните страни за текот на реализацијата на Програмата за развој на Вардарскиот плански регион и други прашања поврзани со регионалниот развој;
- обезбедува стручна и техничка помош за единиците на локалната самоуправа при подготовката на нивните програми за развој,
- обезбедува стручни услуги на здруженија на граѓани и други заинтересирани страни за подготовка на проекти од областа на регионалниот развој;
- ја поттикнува меѓуопштинската соработка во рамките на планскиот развој,
- соработува со Бирото за регионален развој;
- спроведува проекти за поттикнување на развојот на планскиот регион, финансирани од фондовите на Европската унија и други меѓународни извори;
- врши промоција на развојните можности на планскиот регион; и
- врши стручни и административно-технички работи за потребите на Советот за развој на Вардарскиот плански регион.

Центарот за развој на Вардарскиот плански регион поднесува Годишен извештај за своето работење до Советот за развој на планскиот регион и советите на единиците на локалната самоуправа.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3645/4
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

145.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за„Тунел 2",УЕ 12, дел од блок 58 и дел од блок 59 - Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за „Тунел 2", УЕ 12, дел од блок 58 и дел од блок 59 - Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 31.08.2007 година.

Број 0801-3675/3
04.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 26, став 5, алинеа 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.51/05) член 22, став 1, точка1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 31.08.2007 година донесе

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за „Тунел 2", УЕ 12, дел од блок 58 и дел од блок 59– Велес

Член 1

Во Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за „Тунел 2", УЕ12, дел од блок 58 и дел од блок 59- Велес („Сл.гласник на Општина Велес"бр. 21/06) се врши следната измена:

-во табеларниот преглед и во графичкиот преглед се врши усогласување на катастарската парцела со градежната 2.12.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-3645/5
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

146.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08..2007 година.

Број 0801-3675/4
04.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3645/6
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 43 од Законот за градежно земјиште (“Сл. весник на РМ”бр.53/01), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.“бр. 5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес (“Сл. гласник на Општина Велес”бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година

1.Во Програмата за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес за 2007 година (“Сл. гласник на Општина Велес” бр. 22/06) се врши измена:

во глава IV- Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште во делот на табелата РАСХОДИ, во позиција Ф „Урбано планирање“ износот од „18.330.000,00“ се брише и се заменува со „19.750.000,00“, а во позиција Ф1 во точка 1 се додава износот од 1.000.000,оо, а износот од „2.800.000.00“ се брише и се заменува со „3.800.000,00“;

· Во позиција Ф2 „Одржување на улици“ износот од „3.700.000,00“ се брише и се заменува со „3.320.000,00“, точката 1 „Наум Наумовски Борче“ со износ од „700.000,00“ во целост се брише.

-во точка 2„Питу Гули -асвалтирање“ износ од „“200.000,00“ се брише и се заменува со „100.000,00“,

-точка 4 „11-ти Октомври“ износ од „200.000,00“ се брише и се заменува со „400.000,00“,

-во точка 9 „Обиколен пат Велес – Башино Село“ износот „900.000,00“ се брише и се заменува со „920.000,00“, понатаму точките го намалуваат редоследот за еден и како точка 9 се додава позиција која гласи „Поплочување на ул.„Солунска“ износ „200.000,00“.

-Во позиција ФА „Изградба на водовод, фекална и атмосферска канализација“ износот од „7.500.000,оо“ се брише и се заменува со 8.300.000,00, а

-во точка 2.„ Доизградба на колектор – Новачани“ износот до „4.000.000,оо“ се брише и се заменува со „6.000.000,оо“;

-во точка 5 „Васа Кошулчева“ износот од „800.000,00 “ се брише и се заменува со „500.000,00“;

-точката 7 „Димитрие Чуповски“во целост се брише;

-точката 8 „Атмосферска канализација“ во целост се брише; се додава „точка 7“ која гласи:„Фекална канализација за новите станови - комплекс „Тунел“ и ул.„Ленинова“ со износ од „300.000,00“.

- Во позиција J „Комунални дејности“ износот„36.580.000,00“ се брише и се заменува со „38.810.000,00“, во позиција J3 „Јавно осветлување“ износ од „8.620.000,00“ се брише и се заменува со „11.620.000,00“, а во точка 1„Потрошена електрична енергија“ износ од „“6.000.000,00“ се брише и се заменува со „9.000.000,00“.

-во точка J6 2 „Други комунални улуги“ износот „200.000,00“ се брише и се заменува со „500.000,00“;

-во позиција J7„Одржување и користење на паркови и зеленило“ износ од „2.460.000,00“ се брише и се заменува со „2.580.000,00“.

-во точка 3.„Сечење и одржување на деградирани дрвја“ износ од „60.000,00“се брише и се заменува со „180.000,00“.

-во позиција J8 „Други комунални услуги“ износот „800.000,00“ се брише и се заменува со „560.000,00“, а точка 2 „Рушење на бесправно изградени објекти“ износот од „600.000,00“ се брише и се заменува со „360.000,00“;

-во позиција ЈД 1 „Изградба на улици“ износот од 3.450.000,00“ се брише и се заменува „2.100.000,00“, а во точка 2 „Спој „Благој Ѓорев“-„Белградска“ уредување“ износот„500.000,00“ се брише и се заменува со „700.000,00“;

-во точка 3 „Експропријација за улици“ износот од „1.000.000.00“ се брише и се заменува со „200.000,00“;

-точката 4 „Пробивање на крак на ул.„Тодор Јанев“ во целост се брише.

-во точка 7 „Интервенција за свлечиштето Рамина“ износот од „350.000,00“ се брише и се заменува со „200.000,00“;

-Во позиција ЈД2 „Изградба на тротоари“ износот „2.100.000,00 “се брише и се заменува со „3.077.000,00“, а во точка 1 „Марксова“ - асфалтирање“ износот од „200.000,00“ се брише и се заменува со„240.000,00“;

-во точката 3 „Марксова“ спој со „Никола Карев“ текстот во целост се брише и заменува со следниот текст„Тротоар на ул.„Кумановска“ до ул.„Народен фронт“ со износ од „100.000,00“.

-во точка 4 „Наум Наумовски Борче“ износот „250.000,00 “се брише и се заменува со „1.050.000,00“;

-во точка 5„Васил Горгов„-„Самоборска“ (кон Болница)“ износ од „200.000,00“ се брише и се заменува со „290.000,00“, после точка 9 се додава нова точка 10. која гласи„Пешачка патека (спој на ул „4-ти Јули“ и „Ленинова“), со износ од 60.000,00“.

· Во позиција ЈД3 „Изградба на потпорни ѕидови“ износ од „2.420.000,00“ се брише и се заменува со „2.320.000,00“, точката 5„Максим Горки“ (Касапови)“ во целост се брише.

· --Во позиција ЈД4 „Разни зафати“ износот од „940.000,00“ се брише и се заменува со „200.000,00, а точката 2 „Пазар Тунел“ во целост се брише.

· Во позиција ЈЕ „Паркинзи“ износ од „850.000,00“ се брише и се заменува со „1.193.000,00“, во точка 1 „Кумановска“ износ од „300.000,00“се брише и се заменува со „463.000,00“.

-во точка 3„Пред Општина (за граѓански сервис центар)“ износ од „250.000,00“ се брише и се заменува со „430.000,00“.

· Во позиција ЈМ „Паркови,зеленило и детски игралишта “, точката 3 „Довршување на паркот на хероите“ во целост се брише и се заменува со „ул.Димитар Влахов“ со износ од 200.000,00“.

2. Во глава V „Висина на надоместокот за уредување на гредежно земјиште и негова распределба“ се врши измена во табеларниот преглед „III Останати урбани единици и населени места“ каде во точка 2 зборовите „Не се плаќа надоместок “ се бришат и се заменуваат со зборовите „ се плаќа надоместок од 20% за основна инфраструктура“.

3. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 0701-3645/6
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Трајко Бабунски с.р.

147.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08.2007 година.

Број 0801-3675/5
04.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3645/7
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2007 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2007 година во табеларниот дел „ II ИНВЕСТИЦИИ “ се вршат следните измени и дополнувања:

-II ИНВЕСТИЦИИ

Во реден број 1 „ Реконструкција и санирање на училишни објекти во ООУ:

-ООУ „Благој Кирков“

-ООУ „Св. Кирил и Методиј“ – ПОУ во с. Црквино

-ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с. Иванковци

-ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – ПОУ с. Отовица

-ООУ„ЈХКЏинот“ ОПУ Башино Село

-ООУ„Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари“, во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „1.500.000 “ се заменува со „2.300.00“ и во колоната „Вкупно“ износот „1.500.000 “ се заменува со „2.300.00 “.

Во позицијата „Вкупно“ глава „II ИНВЕСТИЦИИ“ се вршат следните измени: во „Предвидени средства – Општина Велес“ износот „2.200.000“ се заменува со „3.000.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „3.000.000“, се заменува со „4.000.000“.

Во позицијата „СЕ ВКУПНО“ во „Предвидени средства-Општина Велес“ износот „2.200.000“ се заменува со „3.000.000“, а во колоната „Вкупно“ износот „58.317.228“ се заменува со „59.117.228“.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3645/7
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

148.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот за усвојување на Програма за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 31.08.2007 година.

Број 0801-3675/6
04.09.2007 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2007 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

1. Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 0701-3645/8
31.08.2007 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Трајко Бабунски с.р.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 7, точка 3 од Законот за култура - пречистен текст („Сл. весник на РМ“ бр.66/03) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 31.08.2007 година ја донесе следната

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година

1.Во Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2007 и 2008 година („Службен гласник на Општина Велес“бр.20/06) во табеларниот дел „Активности 2007“ се вршат следните измени и дополнувања:

-Во табелата, во колоната „предвидени средства“, после колоната „Министерство за култура“ се додава нова колона “Донација од Холандска амбасада“.

· I МАНИФЕСТАЦИИ

-Во реден број 1 „Божиќен концерт“, во колона „Носител“ зборовите „Градски црковен хор „Св. Пантелејмон“ се бришат. Во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „5.000“ се заменува со „8.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „5.000“ се заменува со „8.000“.

-Во реден број 3 „Питијада –избор на пита мајстор за 2007 год.“ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „10.000“ се заменува со „10.818“ и во колоната „Вкупно“ износот „10.000“ се заменува со „10.818“.

-Во реден број 4 „Година на Прличко“, во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „20.000“ се заменува со „30.400“. Износот „50.000“ во колоната „други извори“ се брише. Во колоната „Вкупно“ износот „70.000“ се заменува со „30.400“.

-Во реден број 5 „Денови на пролетта“ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „5.000“ се заменува со „2.000“, во колоната „други извори“ износот „10.000“ се брише“ и во колоната „Вкупно“ износот „15.000“ се заменува со „2.000“.

-Во реден број 6 „Априлијада“ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „5.000“ се заменува со „2.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „5.000“ се заменува со „2.000“.

-Во реден број 7 „Велигденско јајце“ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „20.000“ се заменува со „6.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „20.000“ се заменува со „6.000“.

-Во реден број 8 „Источен петок-Балаклија“ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „40.000“ се заменува со „41.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „40.000“ се заменува со „41.000“.

-Во реден број 9 „Средби на Бошњаците од РМ“ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „30.000“ се заменува со „90.000“, од колоната „други извори“ износот „60.000“ се брише.

-Во реден број 11 „Денот на македонските просветители Св. Кирил и Методиј, 150 год. од отпочнување со работа на училиштето „Св. Кирил и Методиј““ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „10.000“ се заменува со „25.000“,од колоната „други извори“ износот „20.000“ се брише, а во колоната „Вкупно“ износот „30.000“ се заменува со „25.000“.

-Во реден број 12 „44-ти Рацинови средби“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „200.000“ се заменува со „100.000“, со колоната „Општина Велес“ износот „200.000“ се заменува со „300.000“,од колоната „други извори“ износот „100.000“ се брише, а во колоната „Вкупно“ износот „500.000“ се заменува со „400.000“.

-Во реден број 13 „Ден на културата во Република Македонија“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „30.000“ се заменува со „20.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „30.000“ се заменува со „20.000“.

-Во реден број 15 „IV Меѓународен фолклорен фестивал“ во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „100.000“ се брише, во колоната „Општина Велес“ износот „400.000“ се заменува со „600.000“, од колоната „други извори“ износот „200.000“ се брише, а во колоната „Вкупно“ износот „700.000“ се заменува со „600.000“.

-Во реден број 16 „Асоцијација на градови со архитектонско наследство“ во колоната „Предвидени средства – други извори“ износот „50.000“ се брише, а во колоната „Вкупно“ износот „100.000“ се заменува со „50.000“.

-Во реден број 17 „III-та Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „100.000“, а од колоната „Други извори“ износот „100.000“ се брише.

-Во реден број 18 „VI Интернационален фестивал на античка драма „Стоби“, во колоната „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „1.000.000“ се заменува со „700.000“, во колоната „Донација од холандска амбасада“ се внесува износот „200.000“, од колоната „Други извори износот „200.000“ се брише, а во колоната „Вкупно“ износот „1.600.000“ се заменува со „1.300.000“.

-Во реден број 19 „Концерт Илинден““ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „35.000“ се заменува со „53.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „35.000“ се заменува со „53.000“.

-Во реден број 20 „Прв училишен ден“ во колоната „Предвидени средства – други извори“ износот „10.000“ се брише и во колоната „Вкупно“ износот „10.000“ се брише.

-Во реден број 24 „Обележување на 11 Октомври“ се додава „Концерт –промовирање на пијано донација од г-дин Игор Спировски“ во колоната „Предвидени средства - Општина Велес“ износот „10.000“ се заменува со „40.000“ и во колоната „Вкупно“ износот „10.000“ се заменува со „40.000“.

-Во реден број 25 „Врачување на актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „10.000“, а од колоната „Други извори“ износот „10.000“ се брише.

-Во реден број 27 „Велес-град на стрип уметноста, VМеѓународен салон на стрип“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „40.000“, а од колоната „Други извори“ износот „40.000“ се брише.

-Во реден број 28 „40-ти Детски Рацинови средби“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „10.000“, а од колоната „Други извори“ износот „10.000“ се брише.

-Во реден број 33 „Поддршка на ЗГ од областа на културата“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „15000“, а од колоната „Други извори“ износот „15.000“ се брише.

-Во реден број 34 „Негување на културата традицијата и обичаите на заедниците“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „50.000“, а од колоната „Други извори“ износот „50.000“ се брише.

-Во реден број 36 „Презентација на велешката култура во странство, изложба на уметнички дела, гостување на КУД“ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „55.000“, од колоната „Општина Велес“ износот „60.000“ се брише, од колоната „Други извори“ износот „60.000“ се брише, а во колоната вкупно износот „120.000“ се заменува со „55.000“.

-Во позицијата „Вкупно“ глава I Манифестации се вршат следните измени: во „Предвидени средства – Министерство за култура“ износот „1.330.000“ се заменува со „820.000“, во колоната „Донација од холандска амбасада“ се внесува износот „480.000“, во колоната „Општина Велес“ износот „2.570.000“ се заменува со „2.970.000“, во колоната „Други извори“ износот „985.000“ се заменува со „0“, износот од колоната „Вкупно“ „4.885.000“ се заменува со „4.270.000“.

· **II ИНВЕСТИЦИИ**

-Во реден број 1 „Уредување и опремување на куќата на ЈХК Џинот““ во колоната „Предвидени средства – Други извори“ износот „300.000“ се брише, а во колоната вкупно износот „400.000“ се заменува со „100.000“.

-Во реден број 2 „ Изработка и поставување на скулптури во просторот, изработка на скулптура на заштитен знак, изработка на мурали на фасади низ градот (по Програма за изградба на споменици) “ во колоната „Предвидени средства – Донација од холадска амбасада“ се внесува сума од „300.000“, во колоната „Општина Велес“ износот „900.000“ се брише, од колоната „Други извори“ износот „300.000“ се брише, а во колоната „вкупно“ износот „1.200.000“ се заменува со „300.000“.

